| 12 | Друардова | President Drouard | Друардова масловка | 2006 |
| 13 | Европејско ахче | Evropejsko ahche | Енисејска, Европејско акче, Европејско авче | 2006 |
| 14 | Еребасма | Erebasma | Водњак, Воденка, Водењача, Сулија | 2006 |
| 15 | Етруска | Etrusca | | 2006 |
| 16 | Еурас | Euras | | 2006 |
| 17 | Зиморка | Zimorka | | 2006 |
| 18 | Зимска деканка | Doyenne d'Hiver | | 2006 |
| 19 | Жифардова масловка | Beurre Giffard | | 2006 |
| 20 | Јунска убавица | Bella di Giugno | Јунска лепотица | 2006 |
| 21 | Јунско злато | Junsko zlato | | 2006 |
| 22 | Јулска шарена | Coloree de Juillet | | 2006 |
| 23 | Кантарка | Cúre | Попска круша, Калуѓерка (Србија), Пасторичка, Попска масловка ( Бугарија), Pastorenbirne (Germanija), Belle de Berry (Италија), Bon papa (Франција), Vicar of Viekfield (Англија) | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | Кајкушка | Kajkushka | Рашка, Какичка (Србија) | 2006 |
| 25 | Караманка | Karamanka | Боздоганка, Грглаш, Благун, Беграм (Бугарија) | 2006 |
| 26 | Кармен | Carmen | | 2006 |
| 27 | Кифер | Kifer | | 2006 |
| 28 | Клаповка | Clapp's Favourite | | 2006 |
| 29 | Клержо | Beurre Clairgeau | | 2006 |
| 30 | Красанка | Passe Crassane | | 2006 |
| 31 | Комисова масловка | Doyenne du Komice | Друштвенка | 2006 |
| 32 | Конкорд | Concorde | | 2006 |
| 33 | Конферанс | Conference | Конференција | 2006 |
| 34 | Кошија | Coscia | | 2006 |
| 35 | Кошија рана | Coscia precoca | | 2006 |
| 36 | Мајска круша | Majska krusha | | 2006 |
| 37 | Магнес | Magness | | 2006 |
| 38 | Митровденка | Mitrovdenka | Трупњак | 2006 |
| 39 | Моника | Monica | | 2006 |
| 40 | Мунглоу | Moonglow | | 2006 |
| 41 | Мустабеј | Mustafabej | Клементинка, Захароасе де Вара | 2006 |
| 42 | Нијисеики | Nijisseiki | Овошје на 20 век, Twenty century fruit | 2006 |
| 43 | Норма | Norma | | 2006 |
| 44 | Пакамс триумф | Packham's Triumph | | 2006 |
| 45 | Париска грофица | Comtesse de Paris | | 2006 |
| 46 | Санта Марија | Santa Maria | | 2006 |
| 47 | Ситен бурнусус | Siten burnusus | Кркабунија | 2006 |
| 48 | Старк делишес | Starking Delicious | | 2006 |
| 49 | Старкримсон | Starkrimson | | 2006 |
| 50 | Тиранка | Tiranka | Елбасанка | 2006 |
| 51 | Тоска | Tosca | | 2006 |
| 52 | Тревушка | Precoce de Trevoux | | 2006 |
| 53 | Трапезица | Trapezica | | 2006 |
| 54 | Турондот | Turondot | | 2006 |
| 55 | Хајланд | Highland | | 2006 |
| 56 | Харденпонтова Масловка | Glou Morceau | | 2006 |
| 57 | Хароу дилајт | Harrow Delight | | 2006 |
| 58 | Хароу свит | Harrow Sweet | | 2006 |
| 59 | Цариградско ахче | Carigradsko ahche | Стамболско ахче (авче,акче, акча), Армуду | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 60 | Црвена виљамовка | Max Red William's | Red Bartlett | 2006 |
| 61 | Црвена тревушка | Crvena trevushka | Red Trevoux | 2006 |
| 62 | Шампионка | Shampionka | | 2006 |
| 63 | Шербетка | Sherbetka | | 2006 |

**Подлоги**

| Реден број | Македонско име | Оргинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Горница | Pyrus amygdaliformis Vill. | г.п. | 2006 |
| 2 | Дива круша | Pyrus communis L. | г.п. | 2006 |
| 3 | Провансалска дуња БА 29 | Provence BA 29 | в.п. | 2006 |
| 4 | Дуња МА | MA | в.п. | 2006 |
| 5 | Дуња МЦ | MC | в.п. | 2006 |
| 6 | Дуња Фокс 12 | Fox 12 | в.п. | 2006 |
| 7 | Круша Олд Хоум | Pyrus communis Old Home | г.п. | 2006 |
| 8 | Круша ОХ х Ф 87 | Pyrus communis OH x F 87 | в.п. | 2006 |
| 9 | Круша ОХ х Ф 97 | Pyrus communis OH x F 97 | в.п. | 2006 |
| 10 | Хибрид Пириам | Píriam | в.п. | 2006 |

***Ribes grossularia L. (Ribes uva – crispa L.)***
***Огрозд***

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ајакс | Ajax | | 2006 |
| 2 | Винамз Индастри | Winham's Industry | | 2006 |
| 3 | Глентол | Glentol | | 2006 |
| 4 | Ерли сулфур | Early Sulphur | | 2006 |
| 5 | Инвикта | Invicta | | 2006 |
| 6 | Кетрин Олденбург | Catherine Oldenburg | | 2006 |
| 7 | Кларк | Clark | | 2006 |
| 8 | Меи дјук | May Duke | | 2006 |
| 9 | Пери | Perry | | 2006 |
| 10 | Пароман | Paroman | | 2006 |
| 11 | Вајт Смит | White Smith | | 2006 |
| 12 | Хенинг фриест | Honing Fruheste | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оргинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Златна рибизла | Ribes aureum L. | г.п. | 2006 |

### *Ribes nigrum L.*
### *Црна рибизла*

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бен ломонд | Ben Lomond | | 2006 |
| 2 | Бен мор | Ben More | | 2006 |
| 3 | Бен невис | Ben Nevis | | 2006 |
| 4 | Бен олдер | Ben Alder | | 2006 |
| 5 | Бен сарек | Ben Sarek | | 2006 |
| 6 | Бредторп | Brodtorp | | 2006 |
| 7 | Блек риворд | Black Reward | | 2006 |
| 8 | Велингтон ххх | Welington xxx | | 2006 |
| 9 | Даниел септембер | Daniel's September | | 2006 |
| 10 | Ева | Eva | | 2006 |
| 11 | Ојебин | Ojebyn | | 2006 |
| 12 | Рекорд | Record | | 2006 |
| 13 | Розентал | Rosenthal | | 2006 |
| 14 | Руткноп | Roodcnop | | 2006 |
| 15 | Силвергитер | Silvergieter's Zwarte | | 2006 |
| 16 | Тена | Tenach | | 2006 |
| 17 | Цема | Tsema | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оргинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Златна рибизла | Ribes aureum L. | г.п. | 2006 |

### *Ribes rubrum* L. *(R.sylvestre* (Lam.)*mert.et W.D.J.Koch)*
### *Црвена рибизла*

**Сорта**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Викторија | Victorija | | 2006 |
| 2 | Детван | Detvan | | 2006 |
| 3 | Диплом | Diplome | | 2006 |
| 4 | Хајманова црвена касна | Heinemanns Rote Spatlese , Industria | | 2006 |
| 4 | Лосан | Losan | | 2006 |
| 5 | Премиер | Grosseile raisin Premier | | 2006 |
| 6 | Примус | Primus | | 2006 |
| 7 | Ред лејк | Red Lake | | 2006 |
| 8 | Рондом | Rondom | | 2006 |
| 9 | Ротет | Rotet | | 2006 |
| 10 | Станка | Stanza | | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Татран | Tatran | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оргинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Златна рибизла | Ribes aureum L. | г.п. | 2006 |

***Ribes nigrum L. x Ribes - uva crispa L. (R. grossularia L.)***
***Меѓувидови хибриди на црна рибизла и огрозд***

**Хибриди**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јоста | Josta | | 2006 |
| 2 | Крома | Kroma | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оргинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Златна рибизла | Ribes aureum L. | г.п. | 2006 |

***Rosa sp.***
***Шипинка***

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Роза канина | Rosa canina | | 2006 |
| 2 | Роза ругоза | Rosa rugosa | | 2006 |
| 3 | Роза дамасцена | Rosa damascena | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Шипинка | Rosa sp. | г.п, в.п | 2006 |

***Rubus idaeus* L.**
***Малина***

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Ален | Allen | | 2006 |
| 2 | Балзам | Balsam | | 2006 |
| 3 | Бригантина | Brigantina | | 2006 |
| 4 | Виламет | Willamette | | 2006 |
| 5 | Виолетова есенска | Purple autumn | | 2006 |
| 6 | Градина | Gradina | | 2006 |
| 7 | Зева | Zeva | | 2006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Златен виламет | Golden Willamette | | 2006 |
| 9 | Златен запад | Golden west | | 2006 |
| 10 | Крупна двородна | Krupna dvorodna | | 2006 |
| 11 | Љулин | Jjulin | Люлин | 2006 |
| 12 | Мерион | Merion | | 2006 |
| 13 | Микер | Meeker | | 2006 |
| 14 | Молинг експлоит | Malling Exploit | | 2006 |
| 15 | Молинг промис | Malling Promise | | 2006 |
| 16 | Подгорина | Podgorina | | 2006 |
| 17 | Самодива | Samodiva | | 2006 |
| 18 | Септембар | September | | 2006 |
| 19 | Скина | Skeena | | 2006 |
| 20 | Скромница | Skromnica | Скромница | 2006 |
| 21 | Сомо | Somo | | 2006 |
| 22 | Спатница | Sptnica | Спьтница | 2006 |

***Rubus spp.***
***Капина***

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Блек сатен | Black Satin | | 2006 |
| 2 | Дароу | Darrow | | 2006 |
| 3 | Дирксен торнлес | Dirksen Thornless | | 2006 |
| 4 | Ебони кинг | Ebony King | | 2006 |
| 5 | Хималаја | Himalaya | | 2006 |
| 6 | Јанг | Young | | 2006 |
| 7 | Смутстем | Smoothstem | | 2006 |
| 8 | Торнфри | Thornfree | | 2006 |
| 9 | Бејли | Bailey | | 2006 |
| 10 | Бојсен | Boysen | | 2006 |
| 11 | Команчи | Comanche | | 2006 |
| 12 | Торнлес логан | Thornless Logan | | 2006 |
| 13 | Хал торнлес | Hal Thornless | | 2006 |
| 14 | Чачанска бестрна | Chachanska bestrna | | 2006 |
| 15 | Честер торнлес | Chester Thornless | | 2006 |

***Sorbus domestica L.***
**Оскоруша**

**Сорта**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Домашна оскоруша | Sorbus domestica L. | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Еребика | Sorbus aucuparija L | г.п. | 2006 |

***Vaccinium corymbosum L.***
***Боровинка***

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Беркли | Berkley | | 2006 |
| 2 | Блукроп | Bluecrop | | 2006 |
| 3 | Блурej | Blueray | | 2006 |
| 4 | Голдтрабл | Goldtrauble | | 2006 |
| 5 | Дјук | Duke | | 2006 |
| 6 | Дероу | Darrow | | 2006 |
| 7 | Елиот | Elliot | | 2006 |
| 8 | Ерлиблу | Early Blue | | 2006 |
| 9 | Ковил | Coville | | 2006 |
| 10 | Колинс | Collins | | 2006 |
| 11 | Легаси | Legasi | | 2006 |
| 12 | Патриот | Patriot | | 2006 |
| 13 | Рубел | Rubel | | 2006 |
| 14 | Спартан | Spartan | | 2006 |
| 15 | Торо | Toro | | 2006 |
| 16 | Херма | Heerma | | 2006 |
| 17 | Херберт | Herbert | | 2006 |

***Ziziphus jujuba* Mill.**
***Кинеска урма***
***(сирка, унаби, жиживка, жижуља, иглица)***

**Сорти**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Синоним | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вашки | Vashi | | 2006 |
| 2 | Да бај цзао | Da bay tszao | | 2006 |
| 3 | Жу тао цзао | Zu tao tszao | | 2006 |
| 4 | Ја цзао | Ja tszao | | 2006 |
| 5 | Китајски 2А | Kitajski 2A | | 2006 |
| 6 | Ли | Li | | 2006 |
| 7 | Та јан цзао | Ta jan tszao | | 2006 |
| 8 | Шервуд | Shervud | | 2006 |

**Подлога**

| Реден број | Македонско име | Оригинално име | Забелешка | Година на регистрација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Сирка | Ziziphus jujuba Mill. | г.п. | 2006 |

**Легенда:**

| | |
|---|---|
| **г.п** | генеративна подлога |
| **в.п** | вегетативна подлога |

Бр. 08-2958/1
23 март 2006 година
Скопје

Министер,
**Садула Дураку,** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**502.**

Врз основа на член 58 став 4 точка 5 од Законот за банките ("Службен весник на РМ" бр. 63/00, 37/02, 51/03 и 85/03) и член 64 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НЕТО-ДОЛЖНИК НА БАНКА

1. Со оваа одлука се пропишува методологијата за утврдување нето-должник на банка.

Нето-должник не може да биде член на Управен одбор на банка.

2. Под нето-должник, во смисла на оваа одлука, се смета физичко лице чии просечни годишни обврски спрема банката се поголеми од неговите просечни годишни побарувања и вложувања од/во банката, и/или физичко лице кое е претставник или на кој било друг начин е поврзано со правно лице спрема кое нето-изложеноста на банката е поголема од 1% од нејзиниот гарантен капитал.

При утврдување на нето-должник и нето-изложеност се земаат предвид и побарувањата, обврските и вложувањата од/во субјекти поврзани со физичкото, односно правното лице од став 1 од оваа точка.

Поврзаноста од став 1 и 2 од оваа точка се утврдува согласно со Законот за банките и Одлуката за дефинирање и начинот на утврдување поврзани субјекти во согласност со Законот за банките ("Службен весник на РМ" бр. 28/2001).

3. Нето-изложеност на банката спрема правно лице, во смисла на точка 2 од оваа одлука, постои кога просечните годишни побарувања и вложувања на банката од/во правното лице се поголеми од просечните годишни обврски на банката спрема тоа правно лице, вклучително и вложените средства во капиталот на банката.

4. При утврдувањето на обврските, побарувањата и вложувањата заради утврдување нето-должник и нето-изложеност согласно со точките 2 и 3 од оваа одлука, се земаат предвид сите билансни ставки на банката кои се однесуваат на тоа физичко или правно лице, како и вонбилансните побарувањата на банката од тоа лице, евидентирани согласно со точка 26 од Одлуката за супервизорските стандарди за регулирање на достасаните, а ненаплатени побарувања на банките ("Службен весник на РМ" бр. 19/2003).

5. Просечните годишни обврски и побарувања на банката, вклучително и вложувањата на/во банката, се добиваат така што збирот на состојбата на обврските, побарувањата и вложувањата на крајот на секој месец во текот на претходните дванаесет месеци, се дели со дванаесет.

Банката може да ги утврдува просечните годишни обврски, побарувања и вложувања и врз основа на просек од дневната состојба на овие ставки во текот на една година.

6. Банката е должна да ја утврди листата на нето-должници од комитентите кои имаат обврски спрема банката, пред одржување на редовното собрание на акционери или вонредното собрание на кое се разгледува таа листа.

По исклучок на став 1 од оваа точка, банката не е должна во листата на нето-должници да вклучи физичко лице чии просечни годишни обврски спрема банката, вклучувајќи ги и обврските на физичките лица поврзани со него, не надминуваат 30.000 денари.

7. Банката е должна да ја достави листата на нето-должници од точка 6 од оваа одлука, со состојба на 31 декември, до Народна банка на Република Македонија во рок од пет работни дена по одржувањето на годишното собрание на акционери.

8. Со состојба на 30 јуни, банката е должна да ја примени Методологијата за утврдување нето-должник дефинирана со оваа одлука во однос на члeновите на Управниот одбор и добиените резултати да ги достави до Народна банка на Република Македонија најдоцна до 15 август во таа година.

9. Се што е определено со оваа одлука важи и за штедилниците во Република Македонија, со исклучок на став 2 од точка 6.

10. Оваа одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 31.12.2006 година.

11. Со почетокот на примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за методологијата за утврдување на нето должници на банките ("Службен весник на РМ" бр. 28/2001).

| | |
|---|---|
| О. бр. 02-15/III-1/2006 | Претседател |
| 28 март 2006 година | на Советот на Народна банка |
| Скопје | на Република Македонија |
| | Гувернер, |
| | м-р **Петар Гошев,** с.р. |

---

**503.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за девизно работење ("Службен весник на РМ" бр. 34/01, 49/01, 103/01 и 51/03) и член 31 и 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04 и 61/05), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

### О Д Л У К А
### ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ВО ДЕВИЗИ И КРЕДИТИ ВО ДЕНАРИ СО ДЕВИЗНА КЛАУЗУЛА МЕЃУ РЕЗИДЕНТИ

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се определуваат условите под кои банка може да одобрува кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула на резиденти и начинот на одобрување кредити во девизи меѓу резиденти.

Кредити во девизи на резиденти може да одобрува само овластена банка која ги исполнува условите за вршење работи со странство, согласно со Законот за банките.

#### II. УСЛОВИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ВО ДЕВИЗИ И КРЕДИТИ ВО ДЕНАРИ СО ДЕВИЗНА КЛАУЗУЛА МЕЃУ РЕЗИДЕНТИ

2. Банката која одобрува кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула на резиденти е должна да има пишана политика и процедури за оценка на кредитниот ризик кој произлегува од ризикот од де-

визниот курс на кој е изложен резидентот - корисник на кредит (во понатамошниот текст: корисник). Политиката и процедурите треба да содржат критериуми за утврдување и следење на способноста на корисникот да ги извршува своите обврски согласно со договорот за кредит во услови на евентуална промена во курсот на денарот спрема странските валути во кои се номинирани, односно, индексирани тие кредити.

Политиките и процедурите од став 1 на оваа точка содржат одредби кои се однесуваат најмалку на следното:

- следење, анализа и проценка на усогласеноста на структурата на девизните побарувања и обврски на корисникот (девизната позиција) според валутата и рочноста;
- утврдување и следење на големината и структурата на паричните текови на корисникот, од аспект на можноста за покривање на можните промени во износот на кредитните обврски спрема банката, како последица од промена на курсот на денарот спрема странската валута во која е номиниран или со која е индексиран кредитот, најмалку на годишна основа;
- дефинирање на адекватниот износ на обезбедување, согласно со извршената оценка на кредитната способност на корисникот и можноста за покривање на евентуалниот поголем износ на кредитна задолженост како резултат на промените во девизниот курс;
- утврдување на квантитативните лимити на износот на секој одделен кредит во девизи и/или кредит во денари со девизна клаузула на резиденти, како и квантитативни лимити на учеството на кредитната изложеност во девизи на резиденти и на кредитната изложеност во денари со девизна клаузула на резиденти, во вкупната кредитна изложеност на банката;
- оценка на влијанието на промените на девизниот курс врз кредитното портфолио на банката преку спроведување стрес-тест анализи или друг тип симулации најмалку еднаш годишно. Банката не е должна да спроведува стрес-тест анализи доколку износот на кредитната изложеност на банката во девизи, вклучувајќи ги и кредитите во денари со девизна клаузула кон резиденти, не надминува 15% од нејзината вкупна кредитна изложеност кон резиденти, без да се земат предвид девизните депозити во банки и вложувањата во хартии од вредност издадени од Република Македонија во девизи или во денари со девизна клаузула.

3. Во моментот на одобрување на кредитот, корисникот треба да ги исполнува следните услови:

- да е класифициран од страна на банката во ризична категорија А или Б и со просечна класификација на ризик на ниво на банкарскиот систем на Република Македонија според Кредитниот регистар на Народна банка на Република Македонија во категорија А или Б; или
- да обезбедил првокласен инструмент за обезбедување согласно со точка 13 од Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност (“Службен весник на РМ“ бр. 21/02 - пречистен текст).

## III. НАЧИН НА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ВО ДЕВИЗИ МЕЃУ РЕЗИДЕНТИ

4. За одобрување кредит во девизи на корисник- резидент, за плаќање на достасана обврска кон нерезидент, овластената банка е должна од корисникот да обезбеди документација врз основа на која може да се утврдат основот и обврската за плаќање кон нерезидент согласно со одредбите од Упатството за начинот на вршење на платниот промет со странство (“Службен весник на РМ“ бр. 79/02, 98/02 и 105/05).

Овластената банка ги пренесува средствата по одобрениот кредит на посебна сметка на корисникот за покритие за плаќање обврски кон нерезиденти.

Овластената банка не смее да ги пренесе средствата од одобрениот кредит на тековната сметка на корисникот - правно лице во странска валута на која се водат средствата од наплатите од нерезиденти, односно на тековната сметка, штедната книшка и други депозитни сметки во странска валута на корисникот - физичко лице.

Овластената банка е должна да го изврши плаќањето на обврската на корисникот кон нерезидентот најдоцна два работни дена од денот на пренесување на средствата од одобрениот кредит на посебната сметка.

Ако плаќањето кон нерезидентот се врши со акредитив, банката ги пренесува средствата по одобрениот кредит на посебна сметка за покритие по акредитиви најдоцна до датумот на плаќањето.

Доколку дојде до сторнирање или намалување на вредноста при извршувањето на акредитивот, односно дознаката, банката е должна да го корегира или сторнира одобрувањето по кредитот (покритие по акредитивот). Девизните средства по вака корегираните односно сторнираните одобрувања, банката не може да му ги стави на располагање на корисникот во странска валута.

5. Овластената банка ги пренесува средствата по одобрен кредит во девизи кој се користи во денарска противвредност за плаќање во земјата, на денарската сметка на корисникот. Денарската противвредност на одобрениот кредит се пресметува по договорен курс помеѓу овластената банка и корисникот, кој е составен дел на договорот за кредит.

6. Корисникот - правно лице може да ја врши отплатата на кредитот во девизи, ако тие потекнуваат од наплати од нерезиденти, или во денари.

Корисникот - физичко лице ја врши отплатата на кредитот во денари.

За отплата во денари, овластената банка и корисникот со договорот задолжително го регулираат и курсот по кој ќе се отплаќа кредитот.

## IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ

7. Банката е должна да доставува месечни извештаи за одобрените кредити во девизи и кредити во денари со девизна клаузула на резиденти до Народна банка на Република Македонија, на начин и во рокови утврдени со упатство за спроведување на оваа одлука, кое го донесува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија“.

Банката е должна да ги донесе и да ги достави политиката и процедурите од точка 2 од оваа одлука до Народна банка на Република Македонија најдоцна до 30.06.2006 година.

9. Со почетокот на примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите и начинот на склучување на кредитните работи во девизи меѓу резиденти (“Службен весник на РМ“ бр. 66/2003).

О. бр. 02-15/III-2/2006
28 март 2006 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 5 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02 и 37/05), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

Просечната месечна нето плата по работник за месец март 2006 година не може да изнесува помалку од утврдената на ниво на оддел и тоа:

| Оддел. | Назив на одделот | Износ |
|---|---|---|
| 01 | Земјоделство, лов и соодветни услужни активности | 6.383 |
| 02 | Шумарство, искористување на шуми и соодветни услужни активности | 7.979 |
| 05 | Улов на риба, одгледување на риби и услужни активности во рибарството | 8.423 |
| 10 | Вадење на камен, јаглен и лигнит, вадење на тресет | 6.044 |
| 11 | Вадење на сурова нафта и природен гас и услужни активности во производството на нафта и гас, освен истражувања | 0 |
| 12 | Вадење на руда на уран и ториум | 0 |
| 13 | Вадење на руди на метал | 9.667 |
| 14 | Вадење на други руди и камен | 10.146 |
| 15 | Производство на прехранбени производи и пијалоци | 9.596 |
| 16 | Производство на тутунски производи и ферментација на тутун | 8.148 |
| 17 | Производство на текстилни ткаенини | 4.878 |
| 18 | Производство на облека; доработка и боење на крзно | 3.333 |
| 19 | Штавење и доработка на кожа, производство на куфери, рачни торби, седла, сарачки производи и обувки | 1.468 |
| 20 | Преработка на дрво, производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал | 5.533 |
| 21 | Производство на целулоза, хартија и производи од хартија | 7.564 |
| 22 | Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми | 9.551 |
| 23 | Производство на кокс, деривати и нафта и нуклеарно гориво | 13.110 |
| 24 | Производство на хемикалии и хемиски производи | 15.203 |
| 25 | Производство на производи од гума и производи од пластични маси | 3.130 |
| 26 | Производство на производи од други неметални минерали | 9.790 |
| 27 | Производство на основни метали | 10.265 |
| 28 | Производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди | 5.742 |
| 29 | Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место | 8.581 |
| 30 | Производство на канцелариски машини и компјутери | 10.197 |
| 31 | Производство на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место | 7.022 |
| 32 | Производство на радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати | 5.671 |
| 33 | Производство на прецизни медицински и оптички инструменти и часовници | 11.302 |
| 34 | Производство на моторни возила, приколки и полуприколки | 5.652 |
| 35 | Производство на други сообраќајни средства | 8.804 |
| 36 | Производство на мебел и други разновидни производи, неспомнати на друго место | 4.235 |
| 37 | Рециклажа | 5.628 |
| 40 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и топла вода | 15.392 |
| 41 | Собирање, пречистување и дистрибуција на вода | 8.915 |
| 45 | Градежништво | 6.300 |
| 50 | Продажба, одржување и поправка на моторни возила и мотоцикли, продажба на мало на моторни горива | 10.957 |
| 51 | Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли | 11.487 |
| 52 | Трговија на мало, освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 6.055 |
| 55 | Хотели и ресторани | 7.320 |
| 60 | Копнен сообраќај, цевоводен транспорт | 7.106 |
| 61 | Воден сообраќај | 0 |
| 62 | Воздушен сообраќај | 19.547 |
| 63 | Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции | 12.669 |
| 64 | Поштенски активности и телекомуникации | 13.480 |
| 65 | Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови | 16.659 |
| 66 | Осигурување, реосигурување и пензиски фондови, освен задолжителна социјална заштита | 18.569 |
| 67 | Помошни активности во финансиското посредување | 22.922 |
| 70 | Активности во врска со недвижен имот | 10.666 |
| 71 | Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата | 5.897 |
| 72 | Компјутерски и сродни активности | 10.432 |
| 73 | Истражување и развој | 9.080 |
| 74 | Други деловни активности | 7.773 |
| 75 | Јавна управа и одбрана; задолжителна социјална заштита | 10.377 |
| 80 | Образование | 7.698 |
| 85 | Здравство и социјална работа | 8.027 |
| 90 | Отстранување на отпади води и ѓубре, санитарни и слични активности | 7.672 |
| 91 | Дејност на организации врз база на зачленување | 10.978 |
| 92 | Рекреативни, спортски, културни и забавни активности | 7.640 |
| 93 | Други услужни дејности | 8.402 |
| 95 | Дејност на домаќинствата како работодавачи на домашен персонал | 0 |
| 96 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за производство на стоки за сопствени потреби | 0 |
| 97 | Неиздиференцирани дејности на приватните домаќинства за извршување услуги за сопствени потреби | 0 |
| 99 | Екстериторијални организации и тела | 0 |

Месечно даночно ослободување 2.966.

Министер,
**Стевчо Јакимовски**, с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ НА ИЗДАНИЈАТА

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Изборен законик,** *2006* | 300,00 |
| 2 | **Закон за стечај,** *2006* *од д-р Кирил Чавдар* *(со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | 600,00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 500,00 |
| 4 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 500,00 |
| 5 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Каневчев* *(со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 600,00 |
| 6 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 400,00 |
| 7 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 400,00 |
| 8 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) мал формат | 150,00 |
| 9 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | 300,00 |
| 10 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 400,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 300,00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 350,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 350,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 1.200,00 |
| 11 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005* | 350,00 |
| 12 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 100,00 |
| 13 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 200,00 |
| 14 | **Закон за јавните набавки,** *2004* *(со подзаконските акти)* | 100,00 |
| 15 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции* *Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 100,00 |
| 16 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 200,00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев,* *М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 150,00 |
| 18 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 4.000,00 |
| 19 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 1.000,00 |
| 20 | **Регистар на прописи на РМ** | 3.700,00 |
| 21 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## ПОРАЧКА БР. 41

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________________

**Место:** _________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година. (М.П.)** ____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефон: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2006041